НАЦИОНАЛНА
РАМКА НА
КВАЛИФИКАЦИИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Секторска комисија за лични и други услуги

Врз основа на член 16, став 9, алинеа 21, а во врска со член 19, став 1, алинеа 3 и 4 од Законот за Националната рамка на квалификации, Одборот за Македонска рамка на квалификациии, на седницата одржана на 02.04.2026 година го усвои Извештајот од анализата на секторот на квалификации.

# АНАЛИЗА НА СЕКТОРОТ
# ЛИЧНИ И ДРУГИ УСЛУГИ








октомври 2025 година

# Содржина


**ВОВЕД....................................................................................................4**

**КЛУЧНА ОБЛАСТ 1: ГОЛЕМИНАТА НА ПРОФИЛОТ НА СЕКТОРОТ И ГЕОГРАФСКАТА ЛОКАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ И РАБОТНИЦИТЕ ..........................................5**

1.1 Анализа на распространетоста на субјектите од Секторот Лични и други услуги ..........................................................................................5

1.2 Анализа на работната сила во Секторот Лични и други услуги .........8

1.3 Анализа на образовниот систем во Секторот Лични и други услуги .10

**КЛУЧНА ОБЛАСТ 2: ВИДОВИ ЗАНИМАЊА ВО РАМКИТЕ НА СЕКТОРОТ ЛИЧНИ И ДРУГИ УСЛУГИ И ПРЕДВИДЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ШЕМИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ...........................................................................23**

**КЛУЧНА ОБЛАСТ 3: ВРСКАТА МЕЃУ СЕКТОРОТ ЛИЧНИ И ДРУГИ УСЛУГИ И ДРУГИТЕ СЕКТОРИ .....................................40**

3.1. Врската меѓу Секторот Лични и други услуги и другите сектори, согласно Националната класификација на дејности (НКД), рев. 2.1.,202540

**КЛУЧНА ОБЛАСТ 4: КЛУЧНИТЕ ТРЕНДОВИ, РАЗВОЈ И ДВИГАТЕЛИ ВО СЕКТОРОТ ЛИЧНИ И ДРУГИ УСЛУГИ..............43**

4.1. Глобални трендови во Секторот Лични и други услуги.....................43

4.2. Трендови во Секторот Лични и други услуги во Р С Македонија......45

4.3. Клучни научни достигнувања и трендови за развој на козметички препарати..........................................................................................46

4.4. Клучни научни достигнувања и трендови во природната козметика ..........................................................................................................47

4.5. Клучни научни достигнувања и трендови во развој на козметички препарати за фризерство ............................................................47

**КЛУЧНА ОБЛАСТ 5: МОЖНОСТИ ЗА НАПРЕДУВАЊЕ И ВООБИЧАЕНИТЕ ПАТЕКИ НА КАРИЕРА ......................................49**

**КЛУЧНА ОБЛАСТ 6: РАБОТОДАВАЧИ ДРУГИ КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ..............................................................................51**

6.1. Работодавачи и други клучни чинители во Секторот Лични и други услуги.............................................................................................51

*Шематски приказ на работодавачи и други клучни чинители во ..............53*

*Секторот Лични и други услуги .....................................................53*

**Предлог за развој на нови или дополнување на постојните стандарди на занимања и стандарди на квалификации во Секторот Лични и други услуги.................................................54**

**КОРИСТЕНИ ПОДАТОЦИ ..............................................................56**

Анализата е подготвена од  членовите на Секторската комисија за лични и други услуги

**Членови на Секторската комисија за лични и други услуги**:

1. Даниела Граороска, Министерство за образование и наука
2. Бети Попова, Министерство за економија и труд
3. Билјана Јанкуловска, Центар за стручно образование и обука
4. Мевљане Зулфиќари, Центар за образование на возрасните
5. д-р Блага Панева, Биро за развој на образованието
6. Наталија Пирова, Организација на работодавачи на Македонија
7. Анета Атанасовска, Занаетчиска комора Скопје
8. Ацо Чобанов, Самостоен синдикат за образование наука и култура на Република Македонија.

## ВОВЕД

Образованието, меѓу двете анализи на Секторот за лични услуги 2017 и Секторот Лични и други услуги 2025, се развиваше преку значајни системски реформи и важни образовни политики кои се спроведуваа во РС Македонија. Голем дел од реформите беа насочени, пред сè, кон ученикот за да се запишува во средното стручно образование. Потоа, станува збор и за улогата на компјутеризацијата, обемот на дигитализацијата, донесувањето концепции за образование и пристапување кон развојот на наставните програми за сите образовни нивоа.

Целта на оваа Анализа на Секторот Лични и други услуги 2025, произлезе од потребата за ревизија на Анализата на Секторот за лични услуги (спроведена во март 2017 година) и усогласувањето со новиот Закон за националната рамка на квалификации кој беше донесен во јануари 2025 година. Според овој Закон, една од надлежностите на Секторските комисии за квалификации е да ја анализираат состојбата и тенденциите на пазарот во согласност со потребите на пазарот на трудот, стопанството, општеството и образованието, како и да се направи групирањето на квалификациите кои имаат иста или слична содржина на знаење и вештини, односно резултати на учење.

Анализата на Секторот Лични и други услуги ги опфати шесте клучни области од Методологија за развивање стандарди за анализа на сектори (март 2017 година):

Клучна област 1: Големината на профилот на секторот и географската локација на организациите и работниците,

Клучна област 2: Видовите занимања во рамките на секторот и предвидените промени во шемите за вработување,

Клучна област 3: Врската меѓу секторот што се анализира и другите сектори,

Клучна област 4: Клучните трендови, развој и двигатели во самиот сектор,

Клучна област 5: Можности за напредување и вообичаените патеки на кариера и

Клучна област 6: Работодавачи и други клучни чинители.

Преку добиените информации од прашалниците, од фокус групите, од другите релевантни фактори и од големиот број документи, оваа Анализа на Секторот Лични и други услуги ги обезбеди потребните информациите за погореспоменатите клучни области. Сето ова е во насока на започнување на процесот на функционално мапирање на Секторот Лични и други услуги во согласност со Методологијата за развивање стандарди за анализа на сектори.

# КЛУЧНА ОБЛАСТ 1: ГОЛЕМИНАТА НА ПРОФИЛОТ НА СЕКТОРОТ И ГЕОГРАФСКАТА ЛОКАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ И РАБОТНИЦИТЕ

## 1.1 Анализа на распространетоста на субјектите од Секторот Лични и други услуги

Секторот Лични и други услуги е составен од потсекторите: козметика, фризерство и оптика. Бројот на деловни субјекти кои го сочинуваат овој сектор не е целосно дефиниран затоа што Државниот завод за статистика ги води статистичките податоци за секторот заедно со останатите услужни дејности во Република Северна Македонија. Анализата е уште посложена поради фактот што салоните најчесто се комбинирани како: козметичко – фризерски или салони за убавина, а оптичарите се регистрирани како трговски друштва во согласност со Законот за трговски друштва. Податоците дадени во продолжение се добиени од Занаетчискиот регистар на Република Северна Македонија, во кој не се запишани сите трговски друштва кои ја вршат дејноста фризер, козметичар и оптичар. За потребите на оваа анализа податоци од Централниот регистар на Република Северна Македонија не се добиени.

Преку графиконите се дадени податоци за услужната дејност фотограф, дејностите на дневни спа центри и останати лични услужни дејности (нега на домашни миленичиња, тетовирање и сл.) затоа што сметаме дека во иднина и овие дејности ќе бидат поприсутни во Секторот Лични и други услуги.

Колкав е бројот на субјектите и како се распоредени по регионите може да се види во описите и шематските прикази преку графиконите во продолжение.

Во графиконот бр. 1 е прикажана застапеноста на **фризерските салони** по региони. Во Скопскиот плански регион има најголем процент застапеност на фризерските салони, по што следат Пелагонискиот и Полошкиот плански регион. Во Источниот плански регион има најмала застапеност на фризерските салони.




*Графикон бр. 1: Застапенст на фризерски салони по региони*

Во графиконот бр. 2 е прикажана застапеноста на **козметичките салони** по региони. Во Скопскиот плански регион има најголем процент застапеност на козметички салони, на второ место е Пелагонискиот, на трето Југоисточниот, на последно место е Источниот плански регион е со најмал процент застапеност на козметички салони.




***Графикон бр. 2: Застапенст на козметички салони по региони***

Во графиконот бр. 3 е прикажана застапеноста на **оптиките** по региони. Во Скопскиот плански регион има најголем процент застапеност на оптики, на следните две места се Североисточниот и Пелагонискиот плански регион, а во Полошкиот плански регион нема регистрирана оптика што врши дејност во согласност со податоците на Занаетчискиот регистар на РСМ. Податоци од Централниот регистар за дејноста оптичар не се внесени во анализата.




***Графикон бр. 3: Застапенст на оптики по региони***

Во графиконот бр. 4 е прикажана застапеноста на **фотографската дејност** по региони. Во Скопскиот плански регион има најголем процент застапеност на фотографи, по

него следат Полошкиот и Пелагонискиот, а во Југоисточниот плански регион има најмал процент на  застапеност на фотографската дејност.




***Графикон бр. 4: Застапенст на фотографска дејност по региони***

Во графиконот бр. 5 е прикажана застапеноста на дејности на **дневни спа центри** по региони. Во Скопскиот плански регион има најголем процент застапеност на дневни спа центри, на следните две места се Источниот и Пелагонискиот, а во Југозападниот плански регион има најмал процент застапеност на дневни спа центри.




***Графикон бр. 5: Застапенст на дневни спа центри по региони***

Во графикон бр. 6 е прикажана застапеноста на дејноста по региони на **останати лични услужни дејности** (нега на домашни миленичиња, тетовирање). Во Скопскиот плански регион има најголем процент застапеност на останати лични услужни дејности, потоа следат Североисточниот и Пелагонискиот. Во Полошкиот плански регион има најмал процент на  застапеност на останати лични услужни дејности.




*Графикон бр. 6: Застапенст на останати лични услужни дејности по региони*

## 1.2 Анализа на работната сила во Секторот Лични и други услуги

За анализа на работата сила во овој сектор, пред сè, е потребен вкупниот број на активни субјекти (занаетчии и вршители на занаетчиска дејност) на ниво на РС Македонија кои се регистрирани со шифра на дејност.

Состојба во согласност со податоците од Занаетчиски регистар на РС Македонија:

**93.130 - Дејности на фитнес центри вкупно 15**, од кои:

- 4 занаетчии и
- 11 вршители на занаетчиска дејност.

**96.210 - Дејности на фризерски салони и берберници вкупно 2056**, од кои:

- 1404 занаетчии и
- 652 вршители на занаетчиска дејност.

**96.220 - Дејности на салоните за убавина и другите третмани за убавина вкупно 54**, од кои:

- 38 занаетчии и
- 16 вршители на занаетчиска дејност.

**96.230 - Дејности на дневни спа третмани, сауни и парни бањи вкупно 359**, од кои:

- 259 занаетчии и
- 100 вршители на занаетчиска дејност.

**96.990 - Останати лични услуги неспомнати на друго место (услуги на нега на домашни миленици - груминг салони) вкупно 105**, од кои:

- 87 занаетчии и
- 18 вршители на занаетчиска дејност.

**26.700 - Производство на оптички инструменти, магнетни и оптички медиуми и фотографска опрема вкупно 11**, од кои:

- 1 занаетчија и
- 10 вршители на занаетчиска дејност.

**74.200 - Фотографски дејности вкупно 118**, од кои:

- 59 занаетчии и
- 59 вршители на занаетчиска дејност.

Според Анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот во Р.С.Македонија за 2025 година, спроведена од Агенција за вработување на РС Македонија, произлезе и потребата од очекувани вработувања по занимање и по степенот на потребни знаења според Националната класификација на занимањата НКЗ (ISCO 08). Прегледот е даден во табелата во продолжение.

**Табела 1. Очекувани вработувања**

| **Шифра** | **Занимање според НКЗ (ISCO 08)** | **Вкупно** | | **Мали работодавачи (7 - 49 вработени)** | | **Средни работодавачи (50 -249 вработени)** | | **Големи работодавачи (250 и повеќе вработени)** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на лица | Лица со иску-ство | Број на лица | Лица со искуство | Број на лица | Лица со иску-ство | Број на лица | Лица со иску-ство |
| | **Вкупно за сите нивоа на образо-вание** | **13874** | **3130** | **3627** | **916** | **4590** | **1550** | **5657** | **664** |
| | **Вкупно за средно образова-ние** | **1337** | **370** | **374** | **125** | **651** | **168** | **312** | **77** |
| 514201 | Козметичар | 6 | 1 | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 514206 | Шминкер | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 514103 | Женски фризер | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Врз основа на доставените пријави од работодавачите за потреба од работник за периодот 01.01.2024-31.12.2024 година, според Националната класификација на занимањата НКЗ (ISCO 08) за Секторот Лични и други услуги објавени се слободни работни места кои се дадени во табелата број 2.

**Табела 2. Слободни работни места**

| Шифра на занимање според НКЗ | Назив на занимањето според Националната класификација на занимањата (НКЗ) | Објавени слободни работни места |
|---|---|---|
| 514201 | Козметичар | 407 |
| 514202 | Маникир | 23 |
| 514204 | Маскер | 50 |
| 514205 | Масер | 106 |
| 514206 | Шминкер | 14 |
| 813207 | Фотограф, мајстор | 13 |
| 325401 | Оптометрист - техничар | 4 |
| 325402 | Оптички техничар | 47 |
| 343101 | Фотограф | 58 |
| 343107 | Фотографски техничар | 1 |

### 1.3 Анализа на образовниот систем во Секторот Лични и други услуги

Столбовите во образовниот систем во РС Македонија се: предучилишно образование, основно образование, средно образование, високо образование и образование на возрасни. Основното и средното образование се задолжителни и бесплатни. Во средното образование се реализираат наставни програми за: гимназиско образование, стручно образование и уметничко образование.

**Стручно образование** како дел од системот на образованието обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување знаења, вештини и компетенции во одреден сектор неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието.

Стручното образование и обука опфаќа:

- стручно образование и обука, како дел од средното образование и овозможува стекнување на второ (II), трето (III) и четврто (IV) ниво на образовни квалификации, во согласност со Законот за Националната рамка на квалификации, и
- постсредно образование и обука, како интегрален дел од стручното образование, овозможува стекнување петто (V) ниво на квалификации, во согласност со Законот за Националната рамка на квалификации.

**Дуалното образование** е модел на стручно образование каде што образовните процеси задолжително се реализираат на две места и тоа во установата за стручно образование и обука и кај работодавач. Дуалниот модел на образование, како модел

што го поврзува теоретското учење со практичното искуство во работни организации, претставува значаен напредок во стручното образование.

Преку ваквиот модел на образование се интензивира соработката со бизнис секторот и придонесот на стопанството во креирање на кадарот преку стекнувањето на практичните вештини за полесен влез на пазарот на трудот. Употребата и развојот на новите технологии, материјали, стилови и методи во услугите може да бидат побрзо внесени преку дуален модел затоа што компаниите ги користат тие технологии во процесот на работа и ги следат трендовите.

Во таа насока, уписната политика во Конкурсот за учебната 2021/2022 година за првпат беше креирана преку заедничката соработка помеѓу Министерството за образование и наука, локалната самоуправа и компаниите со фокус на стручното образование, како образование на сегашноста и на иднината.

Ако направиме споредба на периодот пред модернизација на техничкото образование, односно пред воведувањето на дуалниот модел на образование и сега, според податоците од Министерството за образование и наука и Центарот за развој на стручното образование, последните години се забележува зголемен интерес на деветтоодделенците за квалификациите кои ги нуди стручното образование, наспроти гимназиското образование. Сето ова е резултат на големиот број промотивни настани, дигитални саеми и кампањи за стручното образование кои се организираа изминативе години, како и промовираната зголемена вклученост на работодавачите во процесот на образование и обука.

Конкретно за Секторот Лични и други услуги учениците можат да работат во реални работни услови во областа, под надзор на ментори затоа што учениците учат од вистинско работно место, не само преку симулација во училишната работилница.

**Образованието на возрасните** е дел од системот на образованието кој обезбедува образование, усовршување, оспособување и учење на возрасните лица. Образованието на возрасните се реализира како формално образование, неформално образование и искуствено (информално) учење. Неформалното образование на возрасни се спроведува главно во согласност со одредбите на Законот за образование на возрасните на РС Македонија. Образованието на возрасните, во согласност со Законот за образование на возрасните, може да го вршат установи за образование на возрасните (училиште, високообразовна установа, како и специјализирана установа за ообразование на возрасните) и институции за образование на возрасните (правно лице кое има регистрирано дејност за образование на возрасните). Со новиот Закон за образование на возрасните е регулиран и системот за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење.

Образовниот систем, покрај формално образование опфаќа и неформално образование и има разработени постапки за верификување на програмите и институциите за обезбедување образование на децата и на возрасните. Средствата за финансирање на образованието на возрасните и за валидација се обезбедуваат од

Буџетот на РС Македонија, од буџетите на единиците на локалната самоуправа, од учесниците во образование на возрасните и учесниците во валидацијата, донации, заеми, проекти и сл.

**Средно стручно образование**

Приоритетите во стручното образование се развој и примена на нови или ревидирани стандарди на занимања и образовни програми во согласност со барањата на пазарот на трудот, со цел да се добие функционално образование.

Структура на средното стручно образование во РС Македонија:

- Стручно образование во траење од две години;
- Средно стручно образование во траење од три години;
- Средно стручно образование во траење од четири години;
- Постсредно образование.

Стручното образование во Секторот Лични и други услуги ги опфаќа подсекторите:

- фризерство,
- козметика и
- оптика.

Во продолжение е дадена табела со преглед на образовните квалификации во формалното средно и постсредно стручно образование и обука.

**Табела 3. Образовни квалификации во формалното средно и постсредно стручно образование и обука**

| **Ред. бр.** | **Назив на секторот** | **Образовни квалификации со двегодишно траење на образованието** |
|---|---|---|
| **1.** | **Лични и други услуги** | / |
| **2.** | **Лични и други услуги** | **Образовни квалификации со тригодишно траење на образованието** |
| | | Фризер |
| | | Естетичар за нега на раце и нозе |
| **3.** | **Лични и дуги услуги** | **Образовни квалификации со четиригодишно траење на образованието** |
| | | Техничар за козметичка нега и убавина |
| | | Техничар за очна оптика |
| **4.** | **Лични и други услуги** | **Образовни квалификации со мајсторско образование** |
| | | Мајстор фризер |

| | | |
|---|---|---|
| | | Мајстор козметичар<br>Мајстор масер (во постапка) |

Во согласност со Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година во РС Македонија, Секторот Лични и други услуги е застапен во 14 училишта во 9 градови. Прегледот е даден во табелите 4 и 5.

**Табела 4. Застапеност на квалификациите од трети степен во Секторот Лични и други услуги во РС Македонија**

| р.б | Училиште | Квалификација | Наставен јазик | Ученици | | | Паралелки | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Учебна година 2023/ 2024 | Учебна година 2024/ 2025 | Учебна година 2025/ 2026 | Учебна година 2023/ 2024 | Учебна година 2024/ 2025 | Учебна година 2025/ 2026 |
| 1 | РЦСОО „Киро Бурназ“- Куманово* | Фризер | Македонски | 14 | 16 | 22 | 3 | 3 | 3 |
| 2 | СОУ „Ѓорче Петров“- Прилеп* | Фризер | Македонски | 75 | 76 | 65 | 3 | 3 | 3 |
| 3 | СУГС „Димитар Влахов“- Скопје* | Фризер | Македонски | 136 | 161 | 163 | 8 | 9 | 9 |
| | | | Албански | 103 | 113 | 116 | 4 | 5 | 6 |
| | | | Турски | 14 | 20 | 23 | 3 | 3 | 3 |
| | | Естетичар за нега на раце и нозе | Македонски | 13 | 23 | 24 | 2 | 3 | 2 |
| | | | Албански | 40 | 44 | 26 | 3 | 3 | 2 |
| 4 | СУГС „Шаип Јусуф“- Скопје* | Фризер | Македонски | 88 | 21 | 87 | 3 | 3 | 5 |
| 5 | СУГС „Сарај“- Сарај* | Фризер | Албански | 31 | 26 | 95 | 1 | 1 | 3 |

* Податоците се преземени од електронскиот дневник.

Секторот Лични и други услуги застапени се квалификации од трети степен - Фризер и Естетичар за нега на раце и нозе. Квалификацијата Фризер застапена е во градовите: Куманово, Прилеп и Скопје. Најголем број паралелки од Квалификацијата Фризер има во градот Скопје. Наставата се изведува на три наставни јазици: македонски јазик, албански јазик и турски јазик. Квалификацијата Естетичар за нега на раце и нозе е застапена само во Скопје. Наставата се изведува на два наставни јазика: македонски јазик и албански јазик.

Дуално образование има во училиштата:

- ДСУ РЦСОО „Киро Бурназ“- Куманово, квалификација Фризер и
- СУГС „Димитар Влахов“- Скопје, квалификација Естетичар за нега на раце и нозе и квалификација Фризер на македонски наставен јазик и на албански наставен јазик. Од учебната 2024/2025 година се изведува настава за квалификацијата Фризер и на турски наставен јазик.

**Табела 5. Застапеност на квалификации од четврти степен во Секторот Лични и други услуги во РС Македонија**

| р.б | Училиште/ град | Квалификација | Наставен јазик | Ученици | | | Паралелки | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Учебна година 2023/ 2024 | Учебна година 2024/ 2025 | Учебна година 2025/ 2026 | Учебна година 2023/ 2024 | Учебна година 2024/ 2025 | Учебна година 2025/ 2026 |
| 1 | СОУ „Таки Даскало“- Битола* | Техничар за козметичка нега и убавина | Македонски | 78 | 86 | 88 | 4 | 4 | 5 |
| 2 | ОСМУ „Д-р Јован Калаузу“- Битола* | Техничар за очна оптика | Македонски | 93 | 129 | 105 | 4 | 5 | 5 |
| 3 | ССОУ „Димитрија Чуповски“- Велес* | Техничар за козметичка нега и убавина | Македонски | 88 | 96 | 99 | 4 | 4 | 4 |
| 4 | ОСТУ „Гостивар“- Гостивар* | Техничар за козметичка нега и убавина | Турски | 50 | 45 | 45 | 4 | 4 | 4 |
| | | | Албански | 72 | 72 | 82 | 4 | 4 | 4 |
| 5 | ДСУРЦ „Киро Бурназ“- Куманово* | Техничар за козметичка нега и убавина | Македонски | 65 | 76 | 76 | 4 | 4 | 4 |
| | | | Албански | 39 | 40 | 44 | 4 | 4 | 4 |
| 6 | ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“- Охрид* | Техничар за козметичка нега и убавина | Македонски | 91 | 82 | 77 | 4 | 4 | 5 |
| 7 | СОУ„Ѓорче Петров“- Прилеп* | Техничар за козметичка нега и убавина | Македонски | 103 | 92 | 93 | 4 | 4 | 4 |
| 8 | СОУ „Орде Чопела“- Прилеп* | Техничар за очна оптика | Македонски | 100 | 88 | 107 | 4 | 4 | 5 |
| 9 | СУГС “Марија Кири Склодовска“- Скопје* | Техничар за очна оптика | Македонски | 206 | 237 | 229 | 8 | 8 | 8 |
| | | | Албански | 119 | 105 | 112 | 4 | 4 | 4 |
| 10 | СУГС „Димитар Влахов“- Скопје* | Техничар за козметичка нега и убавина | Македонски | 79 | 79 | 85 | 4 | 4 | 4 |
| | | | Албански | 62 | 56 | 44 | 4 | 4 | 4 |
| 11 | СОМУ „Никола Штејн“- Тетово* | Техничар за козметичка нега и убавина | Македонски | 79 | 66 | 72 | 4 | 4 | 4 |
| | | | Албански | 131 | 137 | 124 | 4 | 4 | 4 |
| 12 | СОУ „Јане Сандански“- Штип* | Техничар за козметичка нега и убавина | Македонски | 0 | 0 | 25 | 0 | 0 | 1 |

* Податоците се преземени од електронскиот дневник.

Во Секторот Лични и други услуги застапени се квалификациите од четврти степен - Техничар за Козметичка нега и убавина и Техничар за Очна оптика.

Квалификацијата Техничар за Козметичка нега и убавина застапена е во градовите: Битола, Велес, Гостивар, Куманово, Охрид, Прилеп, Скопје, Тетово и Штип. Наставата се изведува на три наставни јазици: македонски јазик, албански јазик и турски јазик.

Квалификацијата Техничар за очна оптика е застапена во градовите Прилеп и Скопје. Наставата се изведува на македонски и на албански наставен јазик.

Дуално образование има во училиштата:

- СОУ „Таки Даскало"- Битола, една паралелка со 24 ученици во учебната 2024/2025 година,

- ОСТУ„Гостивар" – Гостивар, сите ученици,

- ДСУРЦ „Киро Бурназ"- Куманово и тоа: во учебната 2023/2024 година 33 ученици во 2 паралелки на македонски наставен јазик; во учебната 2024/2025 година 57 ученици во 3 паралелки на македонски наставен јазик; во учебната 2025/2026 сите ученици на македонски наставен јазик; во учебната 2023/2024 година 20 ученици во 2 паралелки на албански наставен јазик; во учебната 2024/2025 година 33 ученици во 3 паралелки на албански наставен јазик; во учебната 2025/2026 сите ученици на албански наставен јазик,

- ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" - Охрид, во учебната 2023/2024 година 61 ученик во 3 паралелки, додека во учебните 2024/2025 и 2025/2026 години сите ученици и

- СУГС „Димитар Влахов" – Скопје, сите ученици кои следат настава на македонски наставен јазик.




***Графикон бр. 7: Број на ученици и паралелки по градови, за 4 годишни програми споредено по учебни години***




*Графикон бр. 8 : Број на ученици и паралелки за 4-годишни програми споредено по наставен јазик и учебни години*




*Графикон бр. 9 : Број на ученици и паралелки за 4 годишни програми споредено по образовна квалификација и учебни години*




*Графикон бр. 10: Број на ученици и паралелки по градови, за 3-годишни програми споредено по учебни години*




*Графикон бр. 11: Број на ученици и паралелки за 3-годишни програми споредено по наставен јазик и учебни години*




*Графикон бр. 12: Број на ученици и паралелки за 3-годишни програми споредено по образовна квалификација и учебни година*




*Графикон бр. 13: Број на ученици за 4-годишни програми по региони*




***Графикон бр. 14: Број на ученици за 3-годишни програми по региони***

Од прикажаниот број на ученици и од графиконите може да се заклучи дека со реформирањето на средното стручно образование бројот на ученици во средното стручно образование значително се зголемува. Со оваа анализа согледавме дека бројот на ученици во Секторот Лични и други услуги значително се зголемува секоја учебна година.

Во врска со образование на возрасните во делот на Секторот Лични и други услуги се верификувани голем број програми кои се однесуваат на овој сектор. Во периодот додека се работеше на оваа анализа има вкупно деведесет (90) програми кои се со рок на важење и за кои верификуваните понудувачи на услуги за возрасни имаат право да одржуваат обуки. Времетраењето на обуката е определено во зависност од модулите кои се предвидени во програмата, но не повеќе од три месеци. По завршување на обуката учесниците се стекнуваат со Сертификат.

**Верификувани програми во Секторот Лични и други услуги**:

- Фризер,
- Фризер за мажи и жени,
- Фризер за жени,
- Фризер за мажи,
- Фризер за кучиња – грумер,
- Фризер за кучиња и мачки,
- Козметичар за нега на лице и тело,
- Козметичар за депилација на лице и тело,
- Масер,
- Масер за козметичка масажа,
- Масер, велнес и спа,
- Масер за лице и тело,

- Маникир и педикир,
- Декоративен маникир и педикир,
- Руски маникир и педикир,
- Надградба на нокти,
- Надградба на трепки и
- Шминкер.




***Графикон бр. 15: Верификувани програми за образование на возрасните за Лични и други услуги (активни програми со рок на важење)***

Во текот на 2023 година во Програмите за образование на возрасните во Секторот лични услуги учествувале вкупно 379 учесници. Од базата на податоци од вкупниот број учесници се евидентира дека поголемиот број од нив стекнале Сертификат за козметичар за нега на лице и тело, односно вкупно 93 учесници. Другите учесници се во делот на шминкер, фризер ит.н.




***Графикон бр. 16: Број на учесници во 2023 година за учество на обуките по програми***




***Графикон бр. 17: број на учесници во 2023 година за учество на обуките по градови***

Во текот на 2024 година се забележува зголемен број учесници во обуките за лични услуги. Во споредба од 2023 година, каде што поголемиот број учесници следеле и се стекнале со Сертификат за Козметичар за нега на лице и тело, во 2024 година интересот на учесниците е во програмите за Фризер и Шминкер, како и за Масер за лице и тело. Бројот на учесници коишто поминале обука и се стекнале со сертификат е 543 учесници. Во продолжение е графикон со број на учесници по програми и по градови. Исто така треба да се истакне дека во 2024 година веќе има и учесници коишто поминале обука и се стекнале со Сертификат за Фризер за кучиња – грумер. Во 2025 година интересот за оваа програма е зголемен и има тенденција за пораст.




***Графикон бр. 18: Број на учесници во 2024 година за учество на обуки***




***Графикон бр. 19: Број на учесници во 2024 година за учество на обуки по градови***

## КЛУЧНА ОБЛАСТ 2: ВИДОВИ ЗАНИМАЊА ВО РАМКИТЕ НА СЕКТОРОТ ЛИЧНИ И ДРУГИ УСЛУГИ И ПРЕДВИДЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ШЕМИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Секторот Лични и други услуги опфаќа широк спектар на дејности чија главна цел е подобрување на личниот изглед, здравјето и благосостојбата на луѓето. Сепак, најчесто користените услуги во овој сектор се: фризерските, козметичките и оптичарските кои имаат големо влијание врз самодовербата, естетскиот изглед, но и врз здравјето на луѓето.

Во таа насока беа организирани фокус групи и спроведени истражувања преку прашалник за работодавачите.

### 2.1. Фокус групи

#### 2.1.1. Фокус група фризер

На останокот на фокус групата со фризерите присустуваа, освен претставниците од Секторската комисија за лични и други услуги и преставници од СУГС „Димитар Влахов"- Скопје, наставник по практична настава Марина Киевска; од СУГС „Шаип Јусуф"-Скопје, координаторот по УПР Елмедина Шабановска; од СУГС „Сарај", наставник по практична настава Исмета Лимани и претставници од секцијата фризери: Весна Стефкова (Фризерско студио 501), Васка Леонтич (Студио Леонтич), Димитар Димовски (Фризерско студио Кат анд кат), Перица Ивановски (Фризерско студио КУЛ КАТ), Сретен Костиќ (Фризерски салон АРТ) и Јовица Георгиевски (Фризерско студио ЕКСАЈТ).

Присутните ја истакнаа потребата од контролата на препаратите кои ги користат при вршење на услугата. Работодавачите сметаат дека е потребно да се контролираат компаниите што увезуваат и тие што дистрибуираат, при што посочија дека е потребна и поголема контрола на декларациите на козметичките производи.

За фризери како тригодишна квалификација, нема поделба на фризер за жени и фризер за мажи. Се постави прашањето: дали може да произлезе како предлог да се подели фризер за жени и фризер за мажи? Ова прашање било актуелно во последните 5-6 години, но нема никаков одговор.

Присутните побараа воведување нов профил со четиригодишно траење фризер-стилист и таа година може да се искористи за поголем број практични часови и воведување, според европските стандарди, каде во занимањето фризер е воведено шминкер и маникир – естетичар за нокти. Размислувањето е во насока за поголема изборност на предмети и поголема обука зашто реално обуките ги прават работодавачите и за тоа не добиваат никаква надокнада за обука.

Беше потенциран финансискиот проблем, учениците сами да ја финансираат таа една година, што и не е некој голем финансиски трошок, но не секое семејство има средства и може да си го дозволи тоа. Можеби со воведувањето на уште една година, секторот ќе има поголема важност во нашата држава. Овој профил има потенцијал, а дали последната година ќе биде само пракса, или ќе биде конкретно теорија и пракса во оној дел кој најмногу му треба на ученикот, тоа ќе треба да се разгледува. Ќе треба да се изработат и нови програми.

Неопходно е нов профил фризер стилист во која програма ќе има модул шминка и нокти.

Комплетен фризер е потребен на пазарот затоа што во салоните не може да се вработи шминкер за осумчасовно работно време само за шминка, поради тоа работата на шминкерите дополнително се договара.

Во четиригодишното образование не може да бидат подобрени само практични вештини, тој мора да има други знаења, други компетенции кои ги нема во тригодишното образование.

Претставниците од Секцијата фризери истакнаа дека фризерот останува како постојана квалификација. Нивниот предлог е да се развие нова квалификација Фризер естетичар  и тоа преку развивање  стандард на занимање, стандард на квалификација, наставен план, наставни и испитни програми.

Во врска со перикерство, сценски маскер, перикер, колку постои потреба на нашиот пазар на труд имаше спротивставени мислења: некои сметаат дека има потреба, други дека нема потреба од тој профил. Една перика од природна коса е многу скапа, а нејзината изработка е макотрпна и долготрајна. Има различни мислења – дали како профил перикерството треба да постои, дали е применливо кај нас (во опера, театар) и дали е исплатливо.

Перикерството не мора да се работи во салон, може некој да се оспособи за тоа, на пример  фризери коишто во текот на животот ќе имаат здравствени проблеми кои ќе влијаат на нивното работење како фризери и може да  се специјализираат за перикерски производи.

Со воведување четиригодишно образование ќе се добие една комплетно оформена личност која потоа во кој дел ќе се усмерува е личен избор, но неопходно е ова четиригодишно образование за фризер естетичар. Лицата кои ќе завршат ќе бидат поконкурентни на пазарот на трудот, ќе знаат повеќе техники и ќе стекнат повеќе вештини.

Во врска со квалификацијата естетичар за раце и нозе, има реакции, во македонските паралелки не толку, но во албанските паралелки се запишуваа многу машки. Причината не би ја коментирале, но депилацијата кај мажи допрва ќе биде услуга која ќе биде барана. Нема ништо чудно зашто некој би отишол на естетичар за раце и нозе, бидејќи и мажите бараат педикир и мажите бараат депилација, не само на

рацете и на нозете, бараат депилација на целото тело. Колегите имаат проблеми за распоредување на тие ученици на пракса, работодавачите не примаат од машки пол на пракса. Тоа се предрасуди кои треба да се надминат.

Се донесе заеднички заклучок дека постојат предрасуди кои се за надминување во однос на машка - женска професија, предрасуди од религиозен карактер и сл.

Работодавачи истакнаа дека јазичната бариера е навистина проблем за комуникација при реализацијата на практичната настава во образовниот процес.

### 2.1.2. Фокус група козметичар

Со цел за спроведување на анализа за лични и други услуги беше одржан состанок со фокус група од пет работодавачи на лични и други услуги - козметичари и претставник од СУГС „Димитар Влахов". На состанокот беа присутни работодавачите: Сузана Блажевска (салон за убавина „Афродита С"), Сенадија Ибиш (козметички салон„ Сена Беа"), Марина Јаневска („Тропик Белеца") и Наталија Пирова (КС „Наталија").

Работодавачите ги наведоа одредените реални потреби со кои се соочуваат во секојдневието истакнаа дека како недостатоци не им овозможуваат да се развиваат во чекор со европските салони за нега и разубавување:

1. Недостаток во образованието или кадар на пазарот на труд за лични услуги за извршување на педикир со присуство на проблематики како што се: габични заболувања, враснати нокти без инфекции, рагади, жуљеви и слично, за кои се потребни медицински познавања. По ова прашање се дискутираше дали е возможно да се прошири наставната програма во самото средно стручно училиште за козметички техничар или естетичар, или да се вработи медицинско лице, што повторно е дискутабилно, бидејќи еден тел од проблематиката припаѓа на дерматологијата, а друг дел на пластичната хирургија.
   Од членовите на козметичарите разбравме дека на пазарот во Македонија веќе постојат школи (неверификувани) кои обучуваат ваква форма на т.н медицински педикир каде лицата кои се обучени гиословуваат како „педолози".
2. Недостаток во образованието или кадар на пазарот на труд за лични услуги за трајна шминка со присуство на проблематики како што се посттретмански третмани и домашно третирање, каде при обуките кои се спроведени од доктори се советува да се употребуваат антивирусни препарати не само локално дури и таблетарно. На кој начин би можеле да ги дадат овие препораки. Потребно е да се разгледа и истражи како се уредени студијата за тетоважа и трајна шминка во европските држави.
3. Поголемо познавање на апаратурата во козметичките салони имајќи го предвид постојаниот раст на технологија на светскиот пазар.

4. Потреба од познавање на справување во кризни ситуации кои се однесуваат на несакани последици од апликација на одредени козметички производи, каде во светот е познато како предмет „кризен менаџмент".
5. Незадоволство од бројот на часови за практична работа кај работодавач. Сметаат дека е потребно поголем фонд на часови за да можат да ја поминат корисно и продуктивно феријалната пракса. Тука се надоврза претставникот од СУГС „Димитар Влахов" дека веќе имаат голем број на часови со што веќе се доволно оптоварени учениците. Имаше размислување да се разгледа можноста за намалување на фондот на часови од општообразовниот модул, но тогаш не би можело да се има вертикална проодност. Потребно да се разгледа наставниот план.
6. Незадоволство од страна на работодавачи кои се ментори на ученици како дел од дуалното образоване, немаат никаква помош, субвенции од страна на државата за трудот, времето и трошокот по ученик.

### 2.1.3. Фокус група оптичар

На состанокот со оптичарите присуствуваа претставници на три очни оптики: „Орбис"- (претставувана од Владимир Стојановски), „Интер-оптик" (претставувана од Емил Јошковски) и „Оптички центар Ленс" (претставувана од Росанда Стојнев – Стојановиќ) и наставникот Тихомир Јовановски од СУГС ,,Марија Кири-Склодовска" и тројца претставници на Секторската комисија Лични и други услуги.

Работодавачите беа од скопскиот регион и кажаа дека имаат до три вработени и дека тоа се, пред сè, семејни компании. Тие истакнаа дека не се задоволни од техничарите по очна оптика што излегуваат од училиштето. Потенцираа дека по завршувањето на средното училиште, учениците студираат некој факултет и поради неможноста да се вработат бараат работа со средно образование. Во меѓувреме заборавиле сè што учеле во училиште. Дадоа примери од Хрватска и од Италија и од своето лично искуство како треба да се сфати професијата. Истакнаа дека по завршување на нивното образование веднаш биле подготвени самостојно да работат. Работодавачите прашаа дали во училиштето предаваат стручни наставници.

Наставникот од СУГС „Марија Кири – Склодовска" одговори дека предаваат наставници со 25 години стаж во оваа област. Дискусијата се разви и околу примањето ученици на пракса, односно за учење преку работа кај работодавач. Присутните работодавачи одговорија дека не примаат ученици од различни причини. Иако во училиштето ,,Марија Кири – Склодовска" има најсовремена лабораторија и учениците се обучени на најдобар можен начин, сепак треба заеднички ангажман од сите и работодавачите и наставниците за да излегуваат подобри кадри во иднина.

Беше предложено да се воведе оптометрист со VБ ниво, постсредно образование.

Имаше забелешки во врска со шифрата на дејност според НКЗ за оптика и објаснување дека не одговара на нивната дејност. Тоа би требало да се смени, со што и профилот техничар по очна оптика би станал поатрактивен и попривлечен за учениците.

Присутните предложија да се даваат субвенции на работодавачите за да примаат ученици на пракса.

### 2.2. Прашалник за работодавачи

#### 2.2.1. Фризер

Прашалникот го пополнија шест работодавачи од микропретпријатија од кои еден од Вардарскиот регион и пет од Скопскиот регион.

**2. Вработени**

Според бројот на вработени сумативно за сите анкетирани состојбата е следна:

- вработени во претпријатието пред една година – 26,
- вработени во претпријатието во моментов – 22,
- проценка за иднината – би вработиле од 2 до 7 лица, или вкупно 26,
- вработени мажи во претпријатието од 1 до 3 или вкупно 8,
- вработени жени во претпријатието од 1 до 4 лица или вкупно15,
- вработени на возраст до 29 години од 1 до 4 или вкупно 9,
- вработени на возраст од 30 до 54 години од 1 до 5 или вкупно 10 и
- вработени на возраст над 55 години од 1 до 2 или вкупно 4.

**3. Преглед на вработени од сектор лични и други услуги**

Број на вработени и потребата од кадар со соодветен степен на образование:

- основно образование (не вклучувајќи го менаџерскиот тим) – 12,
- со тригодишно стручно образование (не вклучувајќи го менаџерскиот тим) – 14,
- со четиригодишно стручно образование – 9,
- со постсредно образование (не вклучувајќи го менаџерскиот тим) – 5,
- со високо образование (не вклучувајќи го менаџерскиот тим) – 3.
- Во иднина би вработиле од едно до три лица, иако сите се соочуваат со недостаток на стручен кадар и тоа фризер и козметичар од 2 до 6 лица или вкупно 19.
- Има вработено лице со преквалификација, но би размислите за можноста тие што немаат такви лица да примат во своите салони.

- Четворица се изјаснија дека лицата се со ограничени компетенции, потребно е значително менторство и обука.
- Лицата со сертификати за преквалификација/доквалификација можат делумно (2) да помогнат во покривање на недостигот квалификувана работна сила, но и ограничено (3).

Во врска со потребните компетенции на вработените за успешна работа во компанијата резулатот е следен:

**Табела бр. 6: Видови компетенции**

| Исказ | Многу е потребно | Малку е потребно | Воопшто не е потребно |
|---|---|---|---|
| Диплома (соодветна) од областа на занимањето | 8 | 4 | 0 |
| Работно искуство | 12 | 0 | 0 |
| Силна работна етика | 12 | 0 | 0 |
| Способност за решавање проблеми | 12 | 0 | 0 |
| Добри комуникациски вештини | 12 | 0 | 0 |
| Познавање странски јазик | 9 | 3 | 0 |
| Способност за логично размислување | 10 | 2 | 0 |
| Професионален однос кон работата | 10 | 1 | 0 |
| Независност | 7 | 4 | 0 |
| Вештини за препознавање грешки | 8 | 4 | 0 |
| Способност за справување со стресни ситуации | 7 | 5 | 0 |
| Тимска работа | 9 | 3 | 0 |
| Флексибилност | 8 | 3 | 1 |
| Лидерски вештини | 4 | 6 | 1 |
| Информатички знаења и вештини | 8 | 2 | 2 |
| Општи познавања од лични услуги | 11 | 1 | 0 |
| Познавање за безбедност и здравје при работа | 9 | 2 | 1 |
| Познавања конкретни работни постапки и процедури | 9 | 3 | 0 |
| Познавања на својствата и примената на суровините, производите, средствата и материјалите за работа | 9 | 3 | 0 |
| Заштита на животната средина и одржлив развој | 7 | 4 | 1 |




*Графикон бр. 20: Потребни компетенци*

На прашањето: Дали вработените се информирани за еколошките аспекти на Вашата дејност? Одговорот е даден во графиконот број 21.




*Графикон бр. 21: Еколошки аспекти*

Информациите за еколошките аспекти се дадени во графиконот бр. 22




*Графикон бр. 22: Извори за еколошките аспекти*




***Графикон бр. 23: Задоволство од стручноста на вработените од Секторот Лични и други услуги***




***Графикон бр. 24: Задоволство од учениците кои реализираат практично образование во вашата компанија***




***Графикон бр. 25: Задоволство од квалитетот на квалификациите***

**4. Мерливост на квалитетот на квалификациите од секторот лични и други услуги**

**Табела бр. 7: Квалитетна квалификациите од Секторот Лични и други услуги**

| Исказ | Целосно | Многу | Малку | Недоволно | Не е применливо |
|---|---|---|---|---|---|
| Квалификациите од високото образование | 0 | 0 | 1 | 1 | 7 |
| Квалификациите од постсредното образование | 1 | 2 | 1 | 1 | 3 |
| Квалификациите од четиригодишното техничко стручно образование | 0 | | 3 | 1 | 6 |
| Квалификациите од тригодишното | 1 | 1 | 7 | 1 | 0 |
| стручно образование за занимања | | | | | |
| Опременоста на училиштата/ факултетите за секторот | 0 | 1 | 6 | 3 | 0 |
| Наставниот кадар по стручно - теоретските предмети и практична обука во училиштата/факултетите | 1 | 1 | 6 | 2 | 0 |
| Критериумите за запишување ученици во стручните училишта за секторот | 0 | 0 | 2 | 8 | 2 |
| Критериумите за запишување на идни студенти во високото образование за секторот | 0 | 0 | 2 | 2 | 6 |
| Навремената верификација и акредитација на училиштата за имплементација на нови квалификации од секторот | 0 | 0 | 1 | 6 | 4 |
| Навремената верификација и акредитација на факултетите за имплементација на нови квалификации од секторот | 0 | 0 | 1 | 3 | 6 |
| Соработката со училиштето при реализацијата на практичното образование (учење преку работа и феријална практика) на учениците | 2 | 2 | 3 | 3 | 1 |
| Соработката со факултетите при реализацијата на праксата на студентите | 0 | 0 | 0 | 2 | 8 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Промоцијата на квалификациите од секторот од стручното образование и обука | 1 | 0 | 2 | 7 | 1 |
| Промоцијата на квалификациите од секторот од високото образование | 0 | 0 | 1 | 1 | 8 |

Предлози за воведување нови квалификации со четиригодишно траење на образованието од Секторот Лични и други услуги за потребите на пазарот на трудот:

- **IV степен фризер естетичар,**
- **Фризер,**
- **Модни стилови**

Причината за потребата за воведувањето на новите квалификации со четиригодишно траење на образованието од Секторот Лични и други услуги:

- **повеќе часови и воведување шминка и нокти во овој профил,**
- **недоволна едукација и пракса,**
- **изедначување и именување на дејноста според европски студии**
- **можност за полесно наоѓање работа,**
- **комплетен фризер со комплетни вештини**

На прашањето: Кои приоритетни промени, според Вас, треба да се извршат во делот образование од Секторот Лични и други услуги во нашата земја во наредниот период? Согледувањето на работодвачите е дадено во графиконот бр. 26




*Графикон бр. 26: Приоритетни промени во образованието во Секторот Лични и други услуги*

#### 2.2.2. Козметичар

Прашалникот го пополнија вкупно осум работодавачи и тоа шест од микропретпријатија и двајца од мало претпријатие. Од нив двајца се од Вардарскиот регион, а шест од Скопскиот регион.

**2. Вработени**

Според бројот на вработени сумативно за сите анкетирани состојбата е следна:

- вработени во претпријатието пред една година-кај сите вкупно 73,
- вработени во претпријатието во моментов- кај сите вкупно 62,
- проценка за иднината – кај сите вкупно 43,
- вработени мажи во претпријатието немаат врабтено ниту еден маж,
- вработени жени во претпријатието кај сите вкупно 66,
- вработени на возраст до 29 години кај сите вкупно 13,
- вработени на возраст од 30 до 54 години кај сите вкупно 47,
- вработени на возраст над 55 години кај сите вкупно 10.

**3. Преглед на вработени од сектор лични и други услуги**

Број на вработени и потребата од кадар со соодветен степен на образование:

- основно образование (не вклучувајќи го менаџерскиот тим): /
- со тригодишно стручно образование (не вклучувајќи го менаџерскиот тим): 17,
- со четиригодишно стручно образование: 28,
- со постсредно образование (не вклучувајќи го менаџерскиот тим): 3,
- со високо образование (не вклучувајќи го менаџерскиот тим): 1.
- Во иднина би вработиле од едно до шест лица, иако сите се соочуваат со недостаток на стручен кадар и тоа: козметичар 5; козметичар со знаење на третмани за лице 2, козметика 2, техничар за нега на лице и тело 2.
- Има вработено лице со преквалификација, повеќе од едно лице - 2, со преквалификција до 2023 (8 лица претходно вработени).
- Да, едно лице - 2 (компанија која реализира обуки по верифицирани програми).
- Не, но би разгледале таква можност - 3
- Петмина се изјаснија дека лицата се компетентни и подготвени да работат самостојни на повеќе задачи. Двајца напишаа дека им е

потребна кратка дообука или насочување. Еден дека се компетентни за основни задачи, но е потребна поддршка за покомплексни задачи.

- Лицата со сертификати за преквалификација/доквалификација можат значително, според шест испитаници да помогнат во покривање на недостигот квалификувана работна сила.

Во табелата бр. 8 се дадени потребните компетенции на вработените за успешна работа во компанијата.

**Табела бр. 8: Потребни компетенции**

| Исказ | Категорија на вредност | | |
|---|---|---|---|
| | Многу е потребно | Малку е потребно | Воопшто не е потребно |
| Диплома (соодветна) од областа на занимањето | 6 | 1 | 1 |
| Работно искуство | 6 | 2 | 0 |
| Силна работна етика | 8 | 0 | 0 |
| Способност за решавање проблеми | 7 | 1 | 0 |
| Добри комуникациски вештини | 7 | 1 | 0 |
| Познавање странски јазик | 3 | 3 | 1 |
| Способност за логично размислување | 6 | 2 | 0 |
| Професионален однос кон работата | 8 | 0 | 0 |
| Независност | 6 | 2 | 0 |
| Вештини за препознавање грешки | 7 | 1 | 0 |
| Способност за справување со стресни ситуации | 6 | 2 | 0 |
| Тимска работа | 8 | 0 | 0 |
| Флексибилност | 7 | 1 | 0 |
| Лидерски вештини | 4 | 3 | 1 |
| Информатички знаења и вештини | 5 | 3 | 0 |
| Општи познавања од лични услуги | 7 | 1 | 0 |
| Познавање за безбедност и здравје при работа | 8 | 0 | 0 |
| Познавања конкретни работни постапки и процедури | 8 | 0 | 0 |
| Познавања на својствата и примената на суровините, производите, средствата и материјалите за работа | 8 | 0 | 0 |

Вработените се информирани за еколошките аспекти на компанијата и најмногу се информираат од веб-страниците и медиумите, но и од едукативни работилници.

Додека пак, колку се задоволни од стручноста на вработените се гледа од графиконот подолу




*Графикон бр. 27: Стручноста на вработените од Секторот Лични и други услуг*

### 2.2.3. Оптика

Прашалникот го пополнија четворица работодавачи од микропретпријатија, сите од Скопскиот регион.

#### 2. Вработени

Според бројот на вработени сумативно за сите анкетирани состојбата е следна:

- вработени во претпријатието пред една година-12,
- вработени во претпријатието во моментов-11,
- вработени мажи во претпријатието -4,
- вработени жени во претпријатието -7,
- вработени на возраст до 29 години од 1 до 4 или вкупно 2,
- вработени на возраст од 30 до 54 години од 1 до 5 или вкупно 7,
- вработени на возраст над 55 години од 1 до 2 или вкупно 2.

#### 3. Преглед на вработени од сектор лични и други услуги

Број на вработени и потребата од кадар со соодветен степен на образование:

- со четиригодишно стручно образование: 5
    - со постсредно образование (не вклучувајќи го менаџерскиот тим): 3
    - со високо образование (не вклучувајќи го менаџерскиот тим): 3
    - има недостаток од стручен кадар оптичар, но стручен, лицата не се доволно стручни потребно и ме доусовршување и делумно се задволни од лицата кои се доквалификувани и преквалификувани.

Во врска со потребните компетенции на вработените за успешна работа во  оваа дејност резулатот е следен:




***Графикон бр. 28: Компетенции на вработените***

Вработените во оваа дејност според исказите на работодавачите се запознаени со еколошките аспекти и се информирани како да ја подобрат својата еколошка свест, што се гледа и од графиконот.




***Графикон бр. 29: Извори на информации за разјво на еколошка свест***

Работодавачите не се многу задоволни од стручноста на своите вработени и тоа го истакнаа во прашалникот, а то се гледа и од графиконот. Споредено со учениците соднос е сличен или ист и во тој дел.

Споредено со графиконите 30 и 31 се констатира незадоволството на работодавачите.




*Графикон бр. 30: Задоволство од стручноста на вработените*




*Графикон бр. 31: Задоволство од учениците кои реализираат практично образование*

За периодот 2026–2030 за потребите на пазарот на трудот предлагаат да се воведе **постсредно образование за оптичар**-оптометрист.

### 4. Мерливост на квалитетот на квалификациите од секторот лични и други услуги




***Графикон бр. 32: Квалитетот на квалификциите од Секторот Лични и други услуги***

Ако се земе предвид овој графикон и се направи поврзување со следниот графикон број 30 доаѓаме до констатација дека се неопходни реформи во средното стручно образование, но не само од аспект на процесот туку и суштински.




***Графикон бр. 33: Приоритетни промени во Секторот Лични и други услуги во наредниот период***

**Анализа на сегашните и идните потреби од вештини**

Во согласност со Законот за образование на возрасните и Стратегијата за образование на возрасните 2025-2030, еден од клучните приоритети е воспоставување систем за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење, со коешто се овозможува стекнување на признати стручни квалификациии на лицата со ниски или без никакви квалификации. На тој начин ќе се зајакне вклучувањето на возрасните лица во пазарот на трудот, а со тоа и намалување на стапката на невработеност.

Овие се важни промени коишто ќе влијаат на фризерите, козметичарите и оптичарите коишто немаат официјално формално образование, туку преку системот на валидација ќе имаат можност да го валидираат нивното знаење и да се стекнат со Сертификат којшто е валиден и признаен од страна на државата. Со процесот на валидација е планирано обука за кадарот за валидација, односно советници за валидација и проценувачи за валидација, проширување на можноста за акредитација на валидација како и подигнување на свеста за придобивките од валидација кај возрасната популација и кај работодавачите.

Фризерските, козметичките и оптичарските услуги се три клучни гранки на овој сектор кои постојано се развиваат под влијание на новите технологии, потребите на клиентите и здравствените стандарди. Во иднина се очекува уште поголем акцент на персонализирана грижа, дигитализација и употреба на иновативни производи и техники.

# КЛУЧНА ОБЛАСТ 3: ВРСКАТА МЕЃУ СЕКТОРОТ ЛИЧНИ И ДРУГИ УСЛУГИ И ДРУГИТЕ СЕКТОРИ

## 3.1. Врската меѓу Секторот Лични и други услуги и другите сектори, согласно Националната класификација на дејности (НКД), рев. 2.1.,2025

Според Националната класификација на дејности(НКД), рев. 2.1., занимањата се поделени во групи според видот и сложеноста на работата и работните задачи, секторот и степенот на сложеноста, односно нивото на образование.

Поделбата е на следниот начин:

Сектор - 96

Оддел - 96.2

Група -

Класа - 96.21

Поткласа – 96.210

**96 Лични услужни дејности**

96.2 Фризерски салони, салони за убавина, дневни спа-третмани и слични дејности

96.21 Дејности на фризерски салони и берберници

96.210 Дејности на фризерски салони и берберници

96.22 Дејности на салони за убавина и други третмани за убавина

96.220 Дејности на салони за убавина и други третмани за убавина

96.23 Дејности на дневни спа-третмани, сауни и парни бањи

96.230 Дејности на дневни спа-третмани, сауни и парни бањи

96.2 Фризерски салони, салони за убавина, дневни спа-третмани и слични дејности

96.21 Дејности на фризерски салони и берберници

96.210 Дејности на фризерски салони и берберници

Оваа поткласа вклучува:

иење коса, потстрижување и кратење, местење, боење, нијансирање, виткање, исправување и слични активности
равење фризури
ричење и кратење брада

Оваа поткласа исклучува:

роизводство на перики, види 32.99

96.22 Дејности на салони за убавина и други третмани за убавина

96.220 Дејности на салони за убавина и други третмани за убавина

Оваа поткласа вклучува активности за третман на убавина што не ги вршат медицински специјалисти (на пр., од страна на козметолози), како што се масажа на лице, маникир, педикир, трајна шминка, депилација и потемнување.

Оваа поткласа исклучува:

ејности за естетска хирургија извршени од медицински специјалисти, види

96.23 Дејности на дневни спа-третмани, сауни и парни бањи

96.230 Дејности на дневни спа-третмани, сауни и парни бањи

Оваа поткласа вклучува:

ктивности на турски бањи, сауни и парни бањи, дневни бањи, солариуми;
алони за слабеење;
ктивности на салони за немедицинска масажа.

За оптика нема конкретна поделба, дадено е табелата подолу, кое не одговара.

**Табела бр. 9: Оптика**

| | |
|---|---|
| 26.700 | Производство на оптички инструменти, магнетни и оптички медиуми и фотографска опрема |
| | Оваа поткласа вклучува производство на оптички инструменти и леќи, како што се двогледи, микроскопи (освен електронски, протонски), телескопи, призми и леќи (освен офталмички); пресвлекување и полирање леќи (освен офталмички); монтирање леќи (освен офталмички) и производство на фотографска опрема како што се камери и мерачи на осветленост. Оваа поткласа вклучува:<br>- производство на оптички огледала;<br>- производство на оптички нишани;<br>- производство на оптичка опрема за позиционирање;<br>- производство на оптички инструменти за зголемување;<br>- производство на оптички уреди со прецизни алати;<br>- производство на оптички компаратори;<br>- производство на филмски и дигитални камери;<br>- производство на проектори за филмови и слајдови;<br>- производство на графоскопи;<br>- производство на оптички средства и инструменти за мерење и проверка (на пр., опрема за контрола на оган, мерачи на осветленост, мерачи на растојание);<br>- производство на леќи, оптички микроскопи, двогледи и телескопи;<br>- производство на ласерски делови ; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - производство на леќи за објективи за фотоапарати, проектори или фотографски зголемувачи или редуктори;<br>- изработка на неснимени магнетни аудио- и видеоленти;<br>- изработка на неснимени оптички дискови. |

# КЛУЧНА ОБЛАСТ 4: КЛУЧНИТЕ ТРЕНДОВИ, РАЗВОЈ И ДВИГАТЕЛИ ВО СЕКТОРОТ ЛИЧНИ И ДРУГИ УСЛУГИ

## 4.1. Глобални трендови во Секторот Лични и други услуги

Секторот за лични услуги доживува значаен глобален раст и е во фаза на длабока трансформација, поттикната од промените предизвикани од технолошките иновации, новите вредности на потрошувачите и глобалните социо-економски фактори. Личните услуги се развиваат во насока на поголема персонализација, дигитализација, одржливост и инклузивност. На глобално ниво, Секторот е мошне динамичен, постојано се развива и опфаќа широк спектар индустрии.

Главните глобални трендови кои се двигатели на развој на Секторот се: дигитална трансформација преку вештачка интелигенција, растечка ориентираност кон холистички пристап кон здравјето и благосостојбата, зголемена еколошка свест и фокус кон одржливи и етички практики, глобалните економски услови и демографски промени, поместување кон инклузивни и родово неутрални услуги, недостиг на квалификувана работна сила, проширување на меѓусекторската соработка и зголемена побарувачка за холистички групни искуства ориентирани кон заедницата.

Овие трендови ги обликуваат најбараните услуги на глобално ниво и создаваат нови професии и занимања кои се комбинација од традиционални вештини и модерна технологија. Повеќето од овие нови занимања не бараат напредни дипломи, туку нудат простор за специјализација и многу често бараат комбинација од меки и тврди вештини. Услугите за грижа се шират најбрзо на глобално ниво.

Главната трансформација во Секторот произлегува од интеграцијата на вештачката интелигенција, што претставува револуционерна промена во испораката и консумирањето на личните услуги, овозможувајќи онлајн резервации, мобилни услуги, виртуелни консултации и персонализирани решенија. Истовремено, се појавуваат нови професии како асистенти за интеграција на технологија, виртуелни лични купувачи и стилисти, организатори на онлајн настани, консултанти за организација на домот, организатори на дигитални податоци, тренери за сајбер безбедност и специјалисти за дигитален идентитет.

Трендовите во здравјето и холистичката благосостојба доминираат како водечки двигател на растот. Генерациите Z и миленијалците се носители на нови вредности насочени кон подолг, поздрав и свесен живот. Ова резултира со зголемена побарувачка за лични фитнес и велнес тренери, нутриционисти, инструктори за медитација, холистички здравствени тренери, специјалисти за превентивно здравје, специјалисти за интегративна благосостојба и советници за ментално здравје.

Постои експанзија на телездравството, домашната нега, консиерж медицината и хибридните модели на грижа кои комбинираат дигитални и физички услуги, што доведува до побарувачка на занимања како помошници за домашна здравствена

заштита, помошници за лична нега, координатори за геријатриска грижа, асистенти на медицински сестри, асистенсти за работна и физикална терапија.

Побарувачката за специјализирани и уникатни услуги расте, како што се: консултанти за дигитална детоксикација, советници за одржлив живот, специјалисти за нега, координатори за сурогат мајчинство, советници за лактација, експерти за грижа за стари лица, грижа за деца и миленици.

Во пораст е побарувачката за луксузни и искуствени услуги, со фокус кон уникатни и незаборавни искуства, која води до промена од материјални добра кон ексклузивни искуства. Клиентите очекуваат исклучителна персонализација и комбинација на луксуз, технологија и емоционално искуство, што доведе до побарувачка за консиерж советници и организатори на ексклузивни искуства и персонализирани патувања.

Развојот на Секторот за лични услуги зависи од четири групи фактори:

- економски,
- технолошки,
- социо-културни и
- демографски.

**Економскиот раст,** урбанизацијата и зголемениот доход создаваат поголема побарувачка за услуги кои заштедуваат време и го подобруваат квалитетот на животот.

**Технологијата** овозможува нови модели на деловно работење, дигитална достапност и персонализирана грижа преку апликации и вештачка интелигенција.

**Социо-културните промени** го нагласуваат значењето на здравјето, етиката и еколошка свест, ја поттикнуваат понудата на етички и одржливи услуги, додека социјалните медиуми го диктираат пазарниот вкус и креираат нови трендови.

**Демографските промени**, како стареењето на населението, порастот на урбаните млади генерации и едночлените домаќинства, создаваат нови сегменти на пазарот и ја зголемуваат потребата од персонализирана, достапна и хумана грижа.

Како резултат на овие процеси, Секторот Лични и други услуги станува еден од најдинамичните и најперспективните сегменти во глобалната економија. Тој се трансформира во динамична и инклузивна индустрија, во која границите помеѓу технологијата, здравјето, убавината и благосостојбата сè повеќе се бришат. Притоа, приоритети стануваат персонализацијата, инклузивноста и етичките вредности. Главни двигатели на растот се технолошкиот напредок и ориентираноста на потрошувачите кон холистичката благосостојба. Иднината на Секторот Лични и други услуги зависи од интеграцијата на технологијата, меѓусекторските синергии и понудите насочени кон индивидуалните потреби на клиентите. Услугите ориентирани кон луѓето, што бараат емпатија, комуникација, физичко присуство, остануваат барани на пазарот и се очекува да растат и покрај технолошкиот развој и

автоматизацијата. Оние компании кои даваат приоритет на развојот на работната сила, инвестираат во дигиталната адаптација и модели ориентирани кон заедницата, кои применуваат еколошки стандарди и промовираат родова еднаквост, добиваат конкурентска предност пред останатите. Успешни бизниси ќе бидат оние што ќе ја комбинираат технолошката иновација со човечкиот допир, одржливоста и автентичната грижа за клиентот.

### 4.2. Трендови во Секторот Лични и други услуги во Р С Македонија

Секторот Лични и други услуги во последните години бележи значителен раст. Бројот на салони за убавина, фризерски салони и естетски центри се зголемува, особено во урбаните средини како Скопје, Битола и Тетово. Во таа насока сумирани се најважните информации и трендови поврзани со секторот за лични и други услуги во РС Македонија. Целта е да се прикаже моменталната состојба на пазарот, глобалните насоки и идните можности за раст и развој.

Побарувачката за козметички третмани, шминка и фризури е во континуиран пораст. Фокусот е насочен кон природна, еколошка и органска козметика, со раст на интересот за поефикасни, побезбедни и персонализирани апаратурни третмани. Иднината на козметичкиот и фризерскиот сектор е тесно поврзана со дигитализацијата, персонализираните услуги и континуираната едукација. Онлајн закажувањата и активната комуникација на социјални мрежи стануваат клучни алатки за привлекување клиенти. Салоните кои ќе инвестираат во квалитет, нови технологии и професионална обука ќе имаат најголема шанса за одржлив раст.

Глобалните трендови се фокусираат на заштита на кожата, користење на вештачка интелигенција за развој на формули, примена на генетски истражувања и нови технологии за испорака на активни состојки. Покрај тоа, тренд е употребата на природни состојки и биокозметика. Се зголемува значењето на емоционалната убавина и мултисензорните искуства при користење козметика.

Корисниците на услуги бараат козметички препарати кои се ефикасни и пред сè безбедни. Научните достигнувања применливи за развој на нови козметички препарати се многубројни. Постои тенденција за воспоставување на врска помеѓу убавината и медицината, на тој начин што од новите производи за нега на кожа, коса и нокти се бара да содржат и фармацевтско активни компоненти.

Секторот Лични и други услуги во РС Македонија продолжува да се развива и модернизира, но бара внимателно планирање, инвестиции и следење на глобалните трендови. Само бизнисите кои ќе понудат квалитет, иновација и персонализиран пристап ќе можат да останат конкурентни на заситениот пазар.

### 4.3. Клучни научни достигнувања и трендови за развој на козметички препарати

**Наноматехнологија во козметиката**

Примена: Наночестички (на пример. липозоми, наноемулзии) се користат за подобрување на пенетрацијата на активните супстанции (витамин C, ретинол, хијалуронска киселина и други активни состојки во состав на препаратите).

Предности: Поголема ефикасност, стабилност и контролирано ослободување. Примери: Anti-aging креми, за заштита од сонце, серуми за израмнување на кожата.

**Биотехнологија и пробиотици**

Примена: Пробиотиците, постбиотиците и микробиомски компоненти се употребуваат за да се постигне ефикасно балансирање на кожната микрофлора.

Предности: Се постигнува намалување на воспаленија кај кожата како и подобрување на финкциите на кожата, особено заштитната функција на кожата. Примери: Производи за чувствителна кожа, кожа со акни, дерматитис.

**Биомиметички пептиди**

Примена: Синтетички пептиди кои имитираат природни процеси на кожата (поттикуваат синтеза на колаген и ги забрзуваат процесите на заздравување на кожата, особено после естетски или медицински процедури).

Предности: Спречување на појава на брчки, совршено измазнување на кожата и постигнување на сјај, подобрување на еластичноста и тонусот на кожата. Примери: Серуми со Matrixyl, Argireline.

**Зелена хемија (Green Chemistry)**

Примена: Одржлив развој на козметички формулации со биоразградливи состојки, кои не ја загадуваат животната средина. Од еколошки аспект се внимава и на амбалажата која се употребува за козметичките производи.

Предности: Помал еколошки отпечаток, чиста етикета (clean label). Примери: Природна и органска козметика, zero-waste пакувања.

**Неврокозметика**

Примена: Состојки што влијаат на нервните рецептори во кожата (имаат изразено дејство за смирување на кожата, сензација и сензорно искуство).

Примери: Козметика против стрес, за релаксација и подобрување на расположение (производи со невропептиди, CBD, ароматерапија).

**Вештачка интелегенција во формулација на козметички препарати**

Примена: Користење на вештачка интелигенција за дизајн на формули за персонализирана козметика и со предвидување на кожни реакции.

Примери: Персонализирани серуми креирани според анализа на кожа, генетика или животни навики.

### 4.4. Клучни научни достигнувања и трендови во природната козметика

**Растителни екстракти со докажано дејство**

Примери: Алое вера, зелен чај, невен, хамамелис, камилица, арганово масло, масло од семе од шипка, црн ким (black cumin).

Активни состојки: Богати се со антиоксиданси, витамини и флавоноиди.

Дејство: Анти-инфламаторно, антисептичко, навлажнувачко, анти-ејџ.

**Етерични масла и ароматерапија**

Етерични масла: лаванда, чајно дрво, роза, лимон, сандалово дрво.

Примена: За природна арома, но и терапевтско дејство (антибактериско, релаксирачко).
**Важно:** Точна концентрација (обично <2%) поради потенцијална иритација.

**Конзерванси од природно потекло**

Алтернатива за парабени: екстракт од рузмарин, ферментациони продукти од кокос, бензоева киселина, деривати на аскорбинска киселина.

Комбинации: Може да се комбинираат со етерични масла за дополнителна заштита од микроорганизми.

**Природни емулгатори и згуснувачи**

Состојки: ксантан гума, гуар гума (гуаран), лецитин (од соја/сончоглед), пчелин восок, кокосово масло.
Улога: За стабилност на формулата без синтетички полимери.

**Одржлива и етичка страна**

Еколошки пакувања: Стакло, алуминиум, биоразградлива пластика.
Етикета: "Cruelty-free", "Vegan", "Organic certified" (COSMOS, ECOCERT, USDA Organic).

### 4.5. Клучни научни достигнувања и трендови во развој на козметички препарати за фризерство

**Скалп-микробиом**

Науката покажува дека микрофлората на скалпот има клучна улога во појавата на перут, воспаление и раст на косата. Формулации на препарати кои ја балансираат микрофлората на скалпот можат да ги подобрат клиничките симптоми и состојбата на скалпот, односно да овозможат здрав скалп.

Примена: шампони и третмани со пребиотици (фруктоолигосахариди), постбиотици *(молекули кои се создаваат како резултат на метаболизмот на пробиотиците)* и нежни сурфактанти.

**Bond Repair технологии (поправање дисулфидни мостови) и намалување на штетите при боење и други хемиски третмани на косата**

Современите формулации за препарати користат молекули кои ги реконструираат или поврзуваат дисулфидните мостови во влакното, што овозможува значително намалување на оштетувањата при хемиски третмани за влакното (боење, белење).

Примена: двокомпонентни професионални препарати и домашни маски за обнова на косата.

**Пептиди и биомолекули**

Биоактивните пептиди како GHK-Cu се покажуваат ефикасни во стимулирање на фоликуларната активност, подобрување на густината и цврстината на косата. Тие најчесто се применуваат во серуми и leave-in третмани (препарати кои не се плакнат).

**Биосурфактанти**

Биосурфактантите претставуваат природни и нежни агенси за чистење кои имаат понизок еколошки отпечаток и се помалку иритантни за скалпот.

Примена: шампони за чувствителен скалп и линии со „green" ориентација.

**Биотехнологија и и ферментациони деривати**

Биотехнологијата овозможува развој на ферментирани активни состојки со висока биорасположливост и стабилност. Овие состојки се пониско еколошко оптоварување во однос на животната средина (еколошки одржливи).

Примена: маски и кондиционери со ферментирани протеини и растителни екстракти

**Нанотехнологија**

Нанолипозомите и микроемулзиите овозможуваат подобра пенетрација на активните состојки во кутикулата и фоликулите и овозможуваат контролирано ослободување на активните супстанци, што резултира со долготрајни ефекти.

Примена: серуми, ампули и третмани за длабока регенерација.

## КЛУЧНА ОБЛАСТ 5: МОЖНОСТИ ЗА НАПРЕДУВАЊЕ И ВООБИЧАЕНИТЕ ПАТЕКИ НА КАРИЕРА

Своето стручно и лично напредување во кариерата на вработените им е овозможено преку посети на саеми, семинари, обуки и слично во насока на доживотно учење, следејќи ги новите технологии и трендови.




***Графикон бр.34: Патеки за напредување во потсекторите Фризерство и Козметика - формално образование***



Патеката на напредување овозможува по завршување на мајсторскиот испит, учесниците да се стекнат со право директно да бидат ментори на ученици во изведување на практичната настава. Оваа може да се постигне и без мајсторски испит, но со полагање на менторски испит.

Во потсекторот Оптика, напредувањето на повисок степен на образование не е возможно во нашата држава, но истото може да се стекне во странство. Во Р.С. Македонија во моментов има само четиригодишно средно образование, Техничар за очна оптика.

# КЛУЧНА ОБЛАСТ 6: РАБОТОДАВАЧИ ДРУГИ КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ

## 6.1. Работодавачи и други клучни чинители во Секторот Лични и други услуги

Со согледување на направената анализа на Секторот Лични и други услуги во клучната област 1 и 2, се добива јасна слика за видовите и големината на организациите за тоа кои се работодавачите во Секторот Лични и други услуги низ цела РС Македонија.

Како клучни чинители за вклучување во анализата на Секторот Лични и други услуги се:

1. Министерство за образование и наука
2. Министерство за социјална политика, демографија и млади
3. Министерство за економија и труд
4. Агенција за вработување на Република Северна Македонија
5. Биро за развој на образованието
6. Стопанска комора на Северна Македонија
7. Сојуз на стопански комори на Македонија
8. Стопанска комора на Северозападна Македонија
9. Занаетчиска комора на Република Северна Македонија
10. Занаетчиска комора Скопје
11. Регионални и општински занаетчиски комори
12. Центар за развој на стручно образование
13. Регионални центри за стручно образование и обука
14. Совет за стручно образование и обука
15. Центар за образование на возрасни
16. Совет за образование на возрасни
17. Акредитирани понудувачи на услуги за образование на возрасни
18. Репрезентативен синдикат за образование
19. Државен просветен инспекторат
20. Државен испитен центар
21. Локална самоуправа
22. Средни стручни училишта
23. Ментори за дуално образование

24. Совет на родители во училиште
25. Училишен одбор
26. Други чинители

*Шематски приказ на работодавачи и други клучни чинители во Секторот Лични и други услуги*

**Претставници на работодавачи:**

- Стопанска комора на Северна Македонија
- Сојуз на стопански комори на Македонија
- Стопанска комора на Северозападна Македонија
- Занаетчиска комора на Република Северна Македонија
- Занаетчиска комора Скопје
- Регионални и општински занаетчиски комори
- Секција на фризери
- Секција на козметичари
- Секција на оптичари

**Родители, згрижувачи и претставници од семејство:**

- Совет на родители во училиште
- Училишен одбор
- Локална самоуправа

**Синдикат и професионални органи:**

- Репрезентативен синдикат за секторот
- Репрезентативен синдикат за образование

**Други чинители:**

- Медицински факултет
  - Физиотерапевт
  - Оптометрија и очна оптика
- Технолошко-металуршки факултет
- Средни стручни училишта во кои се образуваат ученици за квалификации од областа на личните услуги
- Акредитирани понудувачи на услуги за образование на возрасните
- Ментори за дуално образование

**Чинители што се заинтересирани за развој на работната сила во Секторот Лични и други услуги**

**Стручен совет и Секторски комисии за МРК:**

- Совет за стручно образование и обука
- Совет за образование на возрасни

**Јавни органи што не се дел од министерствата:**

- Центар за развој на стручно образование
- Регионални центри за стручно образование и обука
- Центар за образование на возрасни
- Државен просветен инспекторат
- Државен испитен центар

**Владини органи:**

- Министерство за образование и наука
- Министерство за социјална политика, демографија и млади
- Министерство за економија и труд
- Агенција за вработување на РСМ
- Биро за развој на образованието

**Предлог за развој на нови или дополнување на постојните стандарди на занимања и стандарди на квалификации во Секторот Лични и други услуги**

Во врска со барањето за воведување нов профил со четиригодишно траење фризер стилист, согледано е дека во Европа преовладува тригодишниот модел. Четиригодишното образование е застапено во држави со развиен систем на дуална пракса – Данска, Норвешка, Швајцарија, Австрија, Финска и делумно во Германија. Дуалниот систем во Република Северна Македонија е во развојна фаза, истиот потребно е да се развива и да се подобруваат вештините на менторите и на учениците. Ова е процес кој бара подолг временски период и придобивките од воведување на дуалниот систем сè уште не се целосно согледани. Воведување нови квалификации кои се со слична/иста оспособеност на учениците може да биде избрзано и не е потполно оправдано во моментов. Исто така, во многу земји постои специјалистичко образование за фризер, но најчесто поврзано со фризерство (одредена област) или менаџмент во салони.

Ако би се спроведувало четиригодишно образование во делот на фризер, истото ќе повлече и дополнителни финансиски прашања.

Во врска со некои барања кои произлегоа од работодавачите вклучени во фокус групите, членовите на Секторската комисија ги имаат следните ставови:

1. Стекнувањето на практични вештини треба да се постигне во тек на тригодишното образование – дуален модел. Секој работодавач е во можност да го обликува својот иден кадар, соодветно на своите потреби. Можеби ова не е во потполност постигнато, но токму тоа е цел да се постигне и на ова треба да се работи. Ако ова не е постигнато за постоечките квалификации, како ќе сме сигурни дека добро ќе функционира за нови квалификации од повисоко ниво.

2. Барањето за квалификација Фризер естетичар според работодавачите подразбира стекнување вештини за шминкање и естетско уредување нокти. Во направено истражување се покажа дека како современ тренд во фризерското образование е воведување двојни квалификации (фризер/визажист или фризер/стилист). Во Република Северна Македонија, потребата која ја истакнуваат работодавачите за комплетна услуга на клиентите (фризура, шминка, нокти) може да се постигне со дополнителна обука на фризерите со завршен трет степен. Преку ЦОВ се нудат голем број обуки за стекнување на бараните дополнителни квалификации. На овој начин во догледно време ќе се создаде и квалификуван кадар кој ќе може во иднина да менторира ученици при водедување на четиригидишно образование.

За предлогот за квалификација Медицински педикир се навлегува во домен кој е надвор од личните услуги. За ова е потребна е меѓусекторска соработка. Наставниот план кај Техничар за козметичка нега и убавина е преобемен и не може дополнително да се оптовари со вакви содржини/модули.

Во врска со мислењето дека постои недостаток во образованието за трајна шминка, нагласуваме дека истото постои како изборен предмет во квалификацијата Техничар за козметичка нега и убавина. Интересот за избор на учениците за овој предмет не е можно да се коментира од страна на членовите на Секторската комисија.

**Препорака за потсекторите фризерство и козметика:**

- Да останат квалификациите кои во моментов се активни.
- Да се направи ревизија на наставните програми според технолошкиот развој и новите трендови. По потреба да се изврши промена, осовременување и евентуално воведување нови модули (шминка, маникирање). Проверка на Стандард на квалификација и дополнување (ако не се предвидени работни задачи за шминка и естетско уредување на нокти).
- Да се направи анализа за потребата и придобивките од воведување на специјалистичко образование за фризер (избор на област и точен назив).
- Чираштво – да се воведе по завршена III година.
- Да се направи анализа за потребата, можноста и придобивките од воведување за специјалистичко образование за областа медицински педикир.
- Препорака за подсектори фризерство и козметика: "
- Да се создадат можности во постсредното образование за обука и изучување кои форми и во кои фази од претходното медицинско третирање на проблематиките во педикирот се третираат козметички.
- Да се направи измена на Закон за образование на возрасни во делот на акредитација на институции за Валидација на неформално образование и искуствено учење, бидејќи со Закон имаат есклузивно право само Регионалните Центри, а во моментов во нашата држава нема Регионален Центар за лични и други услуги.

**Препорака за потсекторот оптика**

- Да останат квалификациите кои во моментов се активни.
- Да се воведе специјалистичко образование за оптичар-оптометрист
- Да се прецизира точно шифрата за оптичар во согласност со дејноста што ја извршуваат.

## КОРИСТЕНИ ПОДАТОЦИ

лужбен весник на Република Северна Македонија бр. 3 од 3 јануари 2025 година

етодологија за развивање стандарди за анализа на сектори, бр. 09-173/1 од 06.03.2017 година.

О Н К У Р С за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната

звештај од уписот

О Н К У Р С за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2024/2025 година во Република С. Македонија

звештај од уписот

О Н К У Р С за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2023/2024 година во Република С. Македонија

звештај од уписот

анаетчискиот регистар на Република Северна Македонија

## ИНТЕРНЕТ ВРСКИ

аконот за трговски друштва

ентар за развој на стручното образование

онцепција за стручно образование

тратегија за образованието за 2018-2025 година

тратегија за образование на возрасните 2025 – 2030

https://cov.gov.mk/wp-content/uploads/2025/06/2025-2030-.pdf

еѓународна стандардна класификација на образованието: Подрачја на образование и обука 2013 (ISCED-F 2013) – Детални описи на подрачјата

HYPERLINK "https://www.nacionalensovetzavoinid.com.mk/images/dokumenti/%D0%9F%D1%80%D0%B5%D0%B2%D0%BE%D0%B4%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D0%BD%D0%B0%20ISCE

нализа на понудата и на побарувачката на вештини во пет плански региони (Скопски, Источен, Пелагониски, Југоисточен и Вардарски) во Република Северна Македонија- Економска основа за воспоставување регионални центри за стручно образование и обука

https://www.e4e.mk/wp-content/uploads/2021/10/analiza-na-ponudata-i-pobaruvachkata-na-veshtini-vo-pet-planski-regioni.pdf

HYPERLINK "https://m

генција за вработување на република северна македонија - Резултати од спроведеното истражување во февруари 2023 година

HYPERLINK

ационалната класификација на занимања (стр. 3-96)

ационална класификација на дејности (нкд), рев. 2.1.

ржавен завод за статистика

HYPERLINK

"https://www.stat.mk/mk/stat/%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%B8-%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8-

ратегија за образование 2018-2025 и акциски план

онцепција за средното образование на возрасните во Република Северна М

онцепт Учење преку работа во Република Северна Македонија

HYPERLINK "https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/koncept-ucenje-preku-rabota-vo-

онцепција за стручно образование

HYPERLINK "https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/koncepcija-za-strucno-

онцепција за постсредно образование /VБ ниво на квалификации од НРК/

HYPERLINK "https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/koncepcija-za-postsredno-

HYPERLINK "https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/koncepcija-za-srednoto-

**ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ – КЛУЧНА ОБЛАСТ 4**

HYPERLINK "https://www.cedefop.europa.eu/en/data-insights/personal-service-workers-

HYPERLINK "https://www.thebusinessresearchcompany.com/market-insights/personal-

HYPERLINK "https://www.thebusinessresearchcompany.com/report/personal-services-

y Finders – Business Resource Centre

HYPERLINK "https://www.wayfinders.biz/knowledge-base/the-business-environment/economics/key-trends-in-the-personal-services-industry-embracing-

**Извори на податоци:**


- PubMed – https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov
- Cosmetic & Toiletries Science Applied – https://www.cosmeticsandtoiletries.com
- Journal of Cosmetic Dermatology https://onlinelibrary.wiley.com/loi/14732165
- International Journal of Cosmetic Science
- https://onlinelibrary.wiley.com/loi/14682494


**Извори на податоци:**


- „Plant-derived antioxidants in skin care products" – Journal of Clinical and Aesthetic Dermatology, 2020.
- ScienceDirect - Natural Cosmetics:
- https://www.sciencedirect.com/search?qs=natural%20cosmetics
- Cosmetics & Toiletries: https://www.cosmeticsandtoiletries.com/ ECOCERT Guidelines: https://www.ecocert.com/en/certification-detail/natural-and-organic-cosmetics


**Извори на податоци:**


- https://www.ncbi.nlm.nih.gov/
- https://pmc.ncbi.nlm.nih.gov/articles/PMC12256380/
- https://cen.acs.org/business/consumer-products/Repairing-hair-help-chemistry/102/i18
- www.halohaircare.co.nz
- www.sciencedirect.com
- https://pubs.acs.org/doi/10.1021/acsomega.3c00591
- https://www.voguebusiness.com/story/beauty/the-beauty-execs-guide-to-biotechnology
- https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S177322472200291X


**СЛИКИ ЗА НАСЛОВНАТА СТРАНИЦА**

HYPERLINK "https://www.bing.com/images/search?view=detailV2&insightstoken=bcid_RI7ZJFCmTRoJ.040dAbZrkrsy130b1nVV4*ccid_jtkkUKZN&form=SBIWPA&vsimg=https%3a%2f%2fwww.bing.com%2fimages%2fblob%3fbcid%3dRI7ZJFCmTRoJqxcxoNWLuD9SqbotqVTdPxI&iss=VSI&sbisrc=ImgPicker&idpbck=1&selectedindex=8&id=E77E15C780C5A05F4EA82C41BB3EFA7

0B302C706&ccid=%2BXGPR0%2Bl&exph=639&expw=1000&vt=2&sim=11&thid=OIP.-
X
G
P
R
0
-
lSElv7nFEGtS12AHaEu&cdnurl=https%3A%2F%2Fth.bing.com%2Fth%2Fid%2FR.f9718f474fa
548496fee71441ad4b5d8%3Frik%3DBscCs3D6PrtBLA%26pid%3DImgRaw%26r%3D0&pivotp
arams=insightsToken%3Dccid_0yZsFieE*cp_F92C9171D6F08DF27481DA67423A6CC6*mid_F
F77451B5F2F923B33F5E9DAC88184E4742A80B2*thid_OIP.0yZsFieE8ig6jW9hCDmBnQHaE7
&ck=6BFB56C957D5A1647CC5F075E3945C95&mediaurl=https%3A%2F%2Fas1.ftcdn.net%2F
v
2
%
2
F
j
p
g
%
2
F
0
5
%
2
F
5
4
%
2
F
1
1
%
2
F
9
8
%
2
F
1
0
0
0

**ОПШТА НАПОМЕНА**

**На линковите е пристапувано во периодот 30.5-20.10.2025 година.**